Врз основа на член 20 и член 25 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија” бр.43/14, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” бр.167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија и согласноста од Министерство за финансии бр.18-8899/2 од 22.09.2022 година

**ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 3/2022**
**за вработување на 1 (едно) лице на неопределено време**

**1. Хигиеничар – 1 (еден) извршител**

**Услови за вршење на работите**:
Завршено средно образование, со или без работно искуство.

Неделно работно време 40 часа (понеделник-петок);
Дневно работно време 8 часа, од 13:00 часот до 21:00 часот
Паричен нето износ на плата: 18.000,00 денари

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија, кандидатите за наведеното работно место треба да ги исполнуваат и следниве општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Заинтересираните кандидати, се должни да поднесат пополнета молба за вработување со докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место на кое се пријавуваат во оригинал или копија заверена на нотар:
-Уверение за завршено соодветно образование
-Доказ за работно искуство
-Уверение за државјанство
-Лекарско уверение за општата здравствена состојба
-Уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

Молбата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, е-меил адреса или контакт телефон.

Рокот за поднесување на молбите изнесува 5 (пет) дена од денот на последното објавување на огласот во дневните весници (несметајќи го денот на самото објавување).
Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Напомена: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни молби нема да се разгледуваат.

Молбата со доказите, кандидатите се должни да ја достават непосредно во приемното одделение на Судот, во работно време или по пошта на адреса:

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**бул.Крсте Мисирков бр.8 Скопје**
**(со назнака за Јавен оглас број 3/22)**

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рок определен во член 23 став 2 од Законот за работните односи